Врз основа на член 48 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.158/10, 123/12 и 43/14), член 40 став 3 и член 14 став 3 и став 6 од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13 и 97/15) и врз основа на точка 9 од Одлуката за начинот и постапката на известување за трансакции со нерезиденти („Службен весник на Република Македонија" бр.87/14), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

# У П А Т С Т В О
## за изменување и дополнување на Упатството за начинот и постапката на известување за состојбата и промените на вложувањата на резидентите во хартии од вредност на странските финансиски пазари

1. Во Упатството за начинот и постапката за известување за состојбата и промените на вложувањата на резидентите во хартии од вредност на странските финансиски пазари („Службен весник на Република Македонија" бр. 108/14) во точка 7 по ставот 1, се додава нов став 2 кој гласи:

„Хартиите од вредност кои немаат ИСИН код се идентификуваат со ознаката којашто ја користи известувачот во својата евиденција. ".

2. Во точка 9 став 3 алинејата 2 се менува и гласи:

„- Во полето 2.2. „Код ИСИН на х.в." се пишува меѓународниот број за идентификација на хартијата од вредност. Доколку полето 2.1 „Вид на ознаката на х.в." се обележи со шифрата 2 - хартија од вредност издадена без код ИСИН, во полето 2.2 се пишува ознаката којашто известувачот ја користи во својата евиденција за идентификација на хартијата од вредност."

3. Во точка 10 став 3 алинејата 2 се менува и гласи:

„- Во полето 2.2. „Код ИСИН на х.в." се пишува меѓународниот број за идентификација на хартијата од вредност. Доколку полето 2.1 „Вид на ознаката на х.в." се

обележи со шифрата 2 - хартија од вредност издадена без код ИСИН, во полето 2.2 се пишува ознаката којашто известувачот ја користи во својата евиденција за идентификација на хартијата од вредност.“

4. Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

У. бр. 25770 Гувернер

23 јули 2015 година Димитар Богов

Скопје